# Упатство за најава на train.vezilka.ai

Vezilka Virtual Hub · најава, креирање профил и запишување на курс

Имате проблем со најавата? Пратете мејл на train-support@vezilka.ai

## 1. Пристап до страницата за најава

За најава на Виртуелниот хаб на Везилка (train.vezilka.ai) притиснете на копчето „**Log in**“ во горниот десен агол:



За да се најавите со вашиот eduGAIN, eID.mk или Vezilka Visitors профил, или да креирате нов профил, притиснете на копчето „AAI.mk“:




Потоа ќе се отвори страницата за избор на начин на најава. Изберете една од трите опции:




## 2. Најава со eduGAIN или eID.mk

Доколку имате eduGAIN профил од вашата научна институција, притиснете го копчето „eduGAIN“, изберете ја вашата институција и најавете се со вашето корисничко име и лозинка.

Доколку имате eID.mk профил, притиснете го копчето „**eID.mk**“, внесете ги вашето корисничко име и лозинка од eID.mk и притиснете на копчето „**Најави се**“:




При првата најава потребно е да дадете согласност за употреба на вашето име, презиме и е-пошта со притискање на копчето „**Confirm**“:




Доколку немате eID.mk профил, а сакате да го користите овој начин на најава, можете да креирате брз (анонимен) eID.mk профил. Постапката е опишана во <u>делот 6</u> на крајот од ова упатство. Во спротивно, користете ја опцијата „**Vezilka Visitors**“, опишана во <u>делот 3</u> подолу.

## 3. Најава со Vezilka Visitors

Доколку немате ниту eduGAIN ниту eID.mk профил, притиснете го копчето „**Vezilka Visitors**“. Доколку претходно сте креирале Vezilka профил, внесете го вашето корисничко име или е-пошта и лозинка и притиснете на копчето „**Најави се**“. За креирање нов профил, притиснете на „**Регистрирај се**“ во долниот дел од формата:




Пополнете ги задолжителните полиња (корисничко име, е-пошта, име и презиме) и притиснете на копчето „**Регистрирај се**“:



На вашата е-пошта ќе пристигне порака од no-reply@vezilka.ai. Притиснете на линкот за верификација во рок од 5 минути. Доколку линкот истече, на страницата за верификација побарајте повторно испраќање на пораката.




По потврдата на е-поштата, внесете нова лозинка и притиснете на копчето „**Потврди**“:



Во наредниот чекор проверете ги вашето име, презиме и е-пошта и притиснете на копчето „Submit“, а потоа на копчето „Continue“. Можно е да бидат потребни неколку минути додека не добиете пристап до сите сервиси.




На крај, дајте согласност за употреба на вашето име, презиме и е-пошта во рамките на платформата со притискање на копчето „Confirm“:



## 4. Запишување на курс

По најавата, на почетната страница на Виртуелниот хаб изберете ја програмата во која сакате да учествувате и притиснете на „View courses“:




Изберете го курсот за кој сте заинтересирани и притиснете на копчето „Open course“:



На страницата со детали за курсот притиснете на црвеното копче „Запиши се · Enrol →“:




Следно, притиснете на копчето „Enrol me“ за да се запишете на курсот (и на сите негови сегашни и идни вебинари):



По успешното запишување ќе се појави пораката „**Успешно се запишавте...**“ и ќе имате пристап до содржината на курсот:




Потоа, ако притиснете на „**My courses**“ во горното мени, ќе ги видите сите вебинари, како и самиот курс, меѓу вашите курсеви:




## 5. Наредни најави

При секоја наредна најава на train.vezilka.ai притиснете на копчето „**Log in**“, потоа на копчето „**AAI.mk**“ и изберете го истиот начин на најава што го користевте првиот пат (eduGAIN, eID.mk или Vezilka Visitors). Не се најавувајте директно преку полињата „**Username**“ и „**Password**“ на страницата за најава, бидејќи тие не функционираат за профилите креирани преку AAI.mk.

## 6. Креирање брз (анонимен) профил на eID.mk

Овој дел е наменет за корисниците што сакаат да се најавуваат преку eID.mk, но сè уште немаат eID.mk профил. На страницата за најава на eID.mk притиснете на „**Нов корисник - Регистрирај се**“ и изберете го делот „**Анонимно**“ (ниво на сигурност со корисничко име и лозинка):




Во наредниот чекор внесете валидна е-пошта, нова лозинка за најава и потврда на лозинката. Лозинката треба да содржи најмалку 8 знаци, со барем една голема буква, една бројка и еден специјален знак. На крај притиснете на копчето „**Регистрирај се**“:



На вашата е-пошта ќе пристигне порака за активација на анонимниот eID.mk профил. Притиснете на зборот „**линк**“ во пораката за да го активирате профилот. По успешната активација ќе се појави потврдата „**Потврден кориснички профил**“:







Потоа вратете се на train.vezilka.ai, притиснете на копчето „**Log in**“, потоа на копчето „**AAI.mk**“, изберете „**eID.mk**“ и најавете се со е-поштата и лозинката што ги внесовте во претходниот чекор. Во наредниот чекор потребно е да дадете дозвола за преземање на податоците со притискање на копчето „**Се согласувам**“:




Потоа внесете ги вашето име и презиме и притиснете на копчето „**Submit**“, а потоа на копчето „**Continue**“. Можно е да бидат потребни неколку минути додека не добиете пристап до сите сервиси:






На крај, дајте согласност за употреба на вашето име, презиме и е-пошта во рамките на платформата со притискање на копчето „**Confirm**“:




По ова сте најавени на train.vezilka.ai. Продолжете со делот 4 (Запишување на курс). При секоја наредна најава изберете „**AAI.mk**“, па „**eID.mk**“ и користете ги истата е-пошта и лозинка.

## 7. Помош и поддршка

Доколку имате каков било проблем со најавата, креирањето профил или запишувањето на курс, испратете мејл на train-support@vezilka.ai. Во пораката наведете ја е-поштата со која се најавувате, начинот на најава што го користите (eduGAIN, eID.mk или Vezilka Visitors) и, по можност, слика од екранот на кој се појавува проблемот.